## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

### Подрачје 6. Училишна клима и култура
**Ниво при евалуација: многу добро**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **6.1** | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **6.2** | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен пристап на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

### Индикатор 6.1. Училишна клима и односи во училиштето
**Ниво при евалуација: многу добро**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| Извори на податоци | |
| • Развоен план на училиштето<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Записници од Стручни активи<br>• Записници од разговори на стручната служба<br>• Акционен план – Превенција на насилство<br>• Правилник за првенец на генерација<br>• Правилник за видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците<br>• Програма на Детска организација<br>• Програма на ПЦК<br>• Програма на Училишна заедница<br>• Сратегија за развој на основното образование во | 6.1.1.Углед, имиџ<br>Училишниот имиџ и углед е основен приоритет на сите структури во образовната установа. Училиштето се труди да биде препознатливо по своите напори да го одржи високиот квалитет на работа и постигања на нашите ученици во сите области на нивното интересирање.<br>Се трудиме да им бидеме „ветер во грбот“ на учениците, да го инспирираме нивниот критички дух и да ги научиме со аргументи да ги менуваат неправдите во општеството. Не се поставуваме кон нив од позиција на моќ, туку заедно со нив менторираме и насочуваме соодветно однесување.<br><br>Нашата МИСИЈА е:<br><br>Нашето училиште е здрава воспитно-образовна средина која ги мотивира учениците за стекнување високо ниво на знаења, способности, умеења и вештини кои што овозможуваат подготовка за работа и живот преку индивидуализиран приод и примена на начелата и принципите на чесност, толеранција, одговорност, меѓусебна почит, хуманост, мултикултурно и меѓуетничко |

| | |
|---|---|
| Општина Карпош 2011-2016<br>• Записници од Одделенски и Наставнички совети Од одд. совети кај наставниците во е – дневниците и дневниците на паралелките и во дневниците-тетратки за работа кај менаџментот и стручната служба )<br>• Извештаи од спроведени работилници<br>• Писмени докази од дневни набљудувања<br>• Педагошко психолошка документација<br>• Етички кодекс на однесување<br>• Статутот на училиштето<br>• Записници од Детска организација и Училишна заедница Одделенски дневник<br>Извештаи од секции<br>• Полугодишни и Годишни извештаи<br>• Записници од Совет на родители<br>• Записници од Учили -шен одбор<br>• Видео снимки, фотографии, слики<br>• Пофалници<br>• Дипломи<br>• Пехари<br>• Благодарници<br>• Признанија<br>• Медали<br>• Писмени докази од дневни набљудувања<br>• Анкетен прашалник<br>• Тетратка за дежурства во продолжен престој-целодневна настава од прво до четврто одд.<br>• Белешки за реализација на работно-наставен ден во продолжен престој- дневен престој во прво трилетие за класични паралелки | почитување на сличностите и разликите.<br>Изјава за мисија<br>Применувајќи современи техники и стратегии на учење и поучување ги оспособуваме учениците за активно учество во воспитно образовниот процес и ги развиваме нивните способности за примена на стекнатите знаења и умеења во секојдневниот живот.<br>Мото: Вистински луѓе-луѓе со високи морални и етички вредности.<br>Слогани: ,, Постојам, учам, творам, работам, почитувам-ЖИВЕАМ! ,, ,, Почитувај за да ТЕ ПОЧИТУВААТ!,,<br><br>В И З И Ј А<br><br>Сакаме и се стремиме нашето училиште да биде здрава и безбедна воспитно образовна средина која ќе ги мотивира учениците да доаѓаат, творат, работат и учат со задоволство, почитувајќи ги мултикултурните и меѓуетничките сличности и разлики, а при тоа наставата ќе биде ефективна, ефикасна и современа и преку истата ќе можат стекнатите знаења, умеења и вештини да ги применуваат во секојдневниот живот.<br>Сметаме дека мисијата и визијата на училиштето се вистински пример за тоа како треба да се гради позитивна клима и углед на училиштето.<br>Мисијата и визијата на училиштето најдобро се остварува кога сите вклучени во образовниот процес (наставници, ученици, родители) јасно ќе ги знаат нашите цели. Токму затоа тие се истакнати на влезот во училиштето и се јасно видливи за сите.<br>Се трудиме да бидеме луѓе со високи морални и етички вредности и мотивирачки пример за нашите ученици.<br>Имиџиот на училиштето се гради преку учество и освоени големиот број на награди од сите области на интерес на учениците.Тие имаат освоени награди на општинско, градско, државно и меѓународно ниво.<br>Училиштето развива инклузивна пракса за ученици со посебни образовни потреби преку работата на училиштниот инклузивен тим. Грижа и инклузија во наставниот процес на децата со посебни потреби е еден од главните приоритети на училиштето. Од учебната 2013/2014 година нашето училиште е вработен дефектолог кој соработува со наставниците, конкретно во изготвувањето на програмите за деца со посебни потреби.Заради подобро препознавање на потребите на овие ученици дефектологот на училиштето организира стручни предавања за наставниците со кои тие се здобиваат со вештини и искуство за работа на деца со посебни индивидуални потреби во учењето.<br>Соработката со локалната и бизнис заедницата, која е на високо ниво, исто така влијае на училиштниот имиџ.<br>Новите тенденции во образованиет се приближување на образованието и реалниот бизнис сектор. Со тоа се влијае на полесен избор на учениците за нивната идна професија.<br>Учениците се грижат за неговиот углед и се горди што се |

дел од него. Наставниот кадар е респектиран од страна на родителите кои се важен дел од имиџот на училиштето.Соработката со нив е секојдневна во непосредни и индивидуални средби како со веќе препознатливиот отворен ден за родители кој се одржува секој последен четврток во месецот.  Посебно ни е важно учеството на родителите во училишниот живот и соработката со нив.

Во спроведената анкета за родители на прашањето: **,,Се чувствувам добредојден во училиштето,,**

**-** со сосема точно одговориле 92% од родителите, со точно одговориле 7% со делумно точно 1%.




На прашањето: **,,Училиштето ги прифаќа иницијативите и сугестиите на Советот на родители,,**




**-** 89% се изјасниле за сосема точно, 9% со точно и  2% со делумно точно.

Имиџот го градиме и со грижата за здравјето и безбедноста на учениците. Постојано покренуваме иницијативи и предавања за грижата за здравјето како и борба за превенција на насилството. (предавања од стручни лица за дентална хигиена, превенција на ризиците за дијабетис и сл.) Организацијата на Црвениот крст на училиштето е особено ангажирана во овој сегмент од училишниот имиџ. Наставниците во соработка со здравствените институции постојано се грижат за здравјето на учениците. Грижата се манифестира преку спроведување систематски прегледи, задолжителна имунизација, прегледи од логопед, аудиолози, систематски прегледи на заби, офтамолози, ортопеди и сл.

Во училиштето се одржуваат трибини и предавања од страна на стручни лица, лекари, активисти на Црвениот крст и др. Предавањата ги организираат наставниците по биологија и природни науки. Особено се обрнува внимание на борбата против зависностите како дрога, алкохол, никотин и др. преку предавања на стручни лица и корелација на овие теми со различни предмети.

За хигиената во училиштето се грижи технички персонал.

За безбедноста на учениците во училиштето се грижат наставниците и задолжителното обезбедување од агенцијата „Бранител.“

За учениците се организираат предавања од страна на полициски службеници и им се прикажуваат филмови за безбедно движење и однесување во сообраќајот.

Во училиштето постои добра атмосфера за работа во текот на наставните часови и воннаставните активности.

За безбедноста постојано се грижат и сите вработени (стручна служба, директор, наставници, но и останатиот дел од вработените).

| | |
|---|---|
| | Во текот на учебната година пред почетокот на часовите и за време на големиот одмор се организираат дежурства на наставници, помогнати од обезбедувањето на училиштето се со цел поголема безбедност на учениците. Своите дежурства наставниците ги извршуваат придржувајќи се кон претходно подготвениот распоред за дежурства кој е истакнат во наставничка канцеларија и во холот на училиштето.<br>Наставниците и обезбедувањето на училиштето, за безбедноста се грижат не само во училиштето, туку и за време на воннаставните активности кои се спроведуваат надвор од училиштето, како што се спортски натпревари, хорски смотри и сл.<br>За учениците од одделенска настава, кои се опфатени во продолжен престој- целодневна настава. Во училиштето постои и продолжен престој- дневен престој, за учениците од прво трилетие од класичните паралелки, кој ги опфаќа учениците во периодот пред или после нивните часови по распоред, зависно нивната смена на часови.<br>Особено внимание се посветува на негување на родовата, мултикултурната и мултиетничката различност, како и на меѓуетничката интеграција во образованието<br>Од учебната 2015/16 год. учениците во училиштето носат униформи. Носењето на униформи е задолжително и за вработените. Сметаме дека и овој факт влијае на градењето на училишната клима и добриот имиџ. Идејата за униформираност на наставниот кадар и учениците потекна од самите ученици. Истата беше презентирана на средбите на Училишната заедница како и на состаноците на Совет на родители. На транспарентен и јавен начин, истовремено задоволувајќи ги желбите на учениците идејата која потекна од нив успешно се реализираше. Целокупниот имиџ на училиштето е на високо ниво, а доказ за тоа се искажувањата на учениците, родителите и претставници од локалната и бизнис заедницата, како надворешни соработници на училиштето.<br>Голем број од наставниците во нашето училиште професионално, квалитетно и амбициозно ја извршуваат својата воспитно образовна дејност и со тоа градат добра работна атмосфера.<br>Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултати во областа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето.<br>Во спроведената анкета за наставници, на прашањето:**,,Во училиштето има добра работна атмосфера,,**<br>**-** 96% се искажале со сосема точно, 3% со точно и 1% со делумно точно.<br><br><br><br>На прашањето/тврдењето:**,,Редовно користам прилика за пофалување и признавање на позитивни постапки** |




**и успех кај учениците,,**
**-** 89% се искажале со сосема точно, 7% со точно и 4% со делумно точно.

6.1.2-Кодекс на однесување

Во училиштето постои и се почитува Правилник (Кодекс на однесување). Во него се содржани принципи, правила и обврски на однесување на сите структури во училиштето. Кодексот не е наметнат, тој е изработен од самите наставници и ученици и е поставен на видни места во училиштето (хол, ходници, канцеларија). Исто така учениците имаат можност истиот да го прошират со нови и актуелни идеи.

Училиштето има процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување кои се пропишани со кодексот и сите процедури редовно се спроведуваат во пракса.

Иницијативата за истиот потекнува од страна на вработените, на ученичката заедница и на Советот на родители. Во изработка на Кодексот учествуваше тим, во кој влегува директорот, наставници, педагогот и Претседателот на Советот на родители и истиот се почитува од сите спомнати страни.

Во контекс со кодексите, во училиштето има и ЕКО КОДЕКС, во кој се поставени принципите и правилата согласно содржините на еколошката програма.

Исто така, училиштето има и ИКТ КОДЕКС кој е истакнат во холот на училиштето.

Училиштето има и КУЌЕН РЕД, кој е донесен по иста постапка како и Кодексот на однесување на наставниците, родителите и учениците, со кој се запознаваат и родителите и учениците на првата родителска средба на почетокот на учебната година. Истиот е изложен на видно место во училиштето и достапен за сите.

Сите учесници во образовниот процес: ученици, родители , наставници, стручна служба, силно се идентификуваат со училиштето и посветено се грижат за неговиот углед.

Соработката на наставниците во нашето училиште е на многу високо ниво, особено помеѓу наставниците кои предаваат сродна група предмети (општествени или природна група на науки), како и во стручните активи.Раководниот и наставен кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето. Нивната соработка е на високо ниво и постојано се надоградува. Сметаме дека оваа соработка е важен предуслов за градење на добра училишна клима.

Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Сите вработени постојано апелираат и ги упатуваат своите ученици на грижа за училиштето како и едни за други. Наставниците настојуваат сите ученици без разлика на вера, род,етничка припадност, потекло, способности да се

| | |
|---|---|
| | чуствуваат прифатени и среќни во училиштето.<br>Училиштето има активен однос на соработка и грижа кон учениците со различни способности или со различни попречености во развојот. За овие ученици редовно се организира дополнителна настава која често е со подршка од дефектологот на училиштето.<br>Овој однос се базира на взаемна поддршка и почитување. Овие ученици добиваат помош од наставниците и соучениците низ заедничка тимска работа со што се придонесува овие ученици полесно да се вклопат во средината, а останатите да се научат на емпатија и помагање на послабите и понемоќните од нив.<br>Наставниците добиваат помош и поддршка и од стручната служба на училиштето.<br>Нашето училиште завзема активен однос кон светскиот тренд за спречување на насилството во училиштата промовиран од УСАИД. Дел од наставниците и педагошката служба учествуваа на семинар за спречување на насилството во училиштата и се обучени да дејствуваат и превенираат насилно однесување помеѓу учениците.(за тоа постои инклузивен тим)<br>Училиштето има и своја WEB страна која редовно се ажурира и на која може да се видат сите случувања во училиштето. Ова битно влијае за позитивна училишна клима и соработката со родителите<br>За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето.<br>Работната атмосфера е присутна за време на наставата и воннаставните активности<br>Во текот на учебната година на секое тримесечие, на полугодие и на крајот од учебната година, Одделенскиот совет по предлог на одделенскиот раководител и во консултација со предметните наставници и стручната служба пофалува по еден ученик од секоја паралелка од 1 до 9 одделение и истите ученици се пофалуваат на Наставнички совет, а понекогаш и преку училиштниот разглас, со цел јавната пофалба да делува мотивирачки кај сите ученици. Учениците се пофалуваат за постигнатиот одличен успех, примерно поведение и коректен однос спрема наставниците, соучениците и сите вработени во училиштето. Се истакнуваат и редовно се соопштуваат сите ученици кои освоиле награди на општинските, градските и државни натпревари.<br>За учениците од 9 одд. на крајот од учебната година се распишува оглас на кој учениците можат да конкурираат за првенец на генерација. Училиштето формира комисија од предметните наставници и стручната служба кои придржувајќи се кон Правилникот кој го има училиштето за избор на првенец на генерација и согласно изградените критериуми во тој правилник избира ученик кој се прогласува за првенец на генерација. Во оваа активност редовно учествуваат и преставници од учениците.<br>6.1.3-Поведение и дисциплина во училиштето<br>За учениците со несоодветно однесување по било која основа и оние кои не го почитуваат Кодексот на |

| | |
|---|---|
| | однесување, одделенскиот раководител како и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки, според Правилникот за педагошки мерки од Законот за основно образование.<br>Во училиштето постојат процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување пропишани со кодексите и истите се кај стручната служба во форма на евидентни листи за бележење.<br>Во врска со почитувањето на наставниците од страна на учениците може да се каже дека е на задоволително ниво, иако постојат ученици со делумно неетичко и несоодветно однесување кон наставниците. Овие ученици се идентификуваат и педагошко-психолошката служба со чести разговори со нив и нивните родители активно учествува во подобрување на оваа релација.<br>Различните видови карактери на учениците праставуваат посебен предизвик за наставниците. Зависно од позадината и потеклото на однесувањето (хиперактивност, пороблематично однесување и сл.) наставниците се трудат да им го предочат неприфатливото однесување и им помагаат да не го повторуваат истото. Сето ова го прават со помош на стручната служба и користат позитивни, мотивирачки коментари во комуникацијата со овие ученици.<br>Наставниците најчесто се сретнуваат со недостаток на внимание од страна на учениците, ретко со агресивно однесување, недостаток на интерес за учење, проблеми со комуникацијата помеѓу учениците и сл. Во работењето со ваквите ученици наставниците не потенцираат постојано каков е ученикот, туку го мотивираат и насочуваат кон прифатливо однесување.<br>Преку насоки кои ги дава директорот на училиштето сите наставници се едуцирани да препознаат неетичко однесување, да посочат примери на позитивна комуникација како фактор преку кој се стекнува соодветен позитивен статус во општеството и начин преку кој се стекнуваат пријатели, соработници и познаници.<br>Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста.<br>6.1.4-Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки<br>Учениците се навремено и целосно информирани за новости кои се во нивен непосреден интерес и нивното мислење се зема предвид во носењето на заедничките одлуки. Партиципацијата на учениците во решавање на проблемите и донесување одлуки е на задоволително ниво. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на Детската организација и Ученичката заедница како и на часовите на Одделенска заедница, преку изучување на наставните содржини од Животни вештини како и преку разгласната станица на училиштето. Детската организација и Ученичката заедница изготвуваат програма за работа за тековната година.<br>Училишната заедница формираше тимови за поддршка на учениците со потешкотии во учењето од нивни |

| | |
|---|---|
| | соученици кои им пружаат помош во совладување на наставните содржини на часовите за додатна настава во соработка со наставниците. Училишната заедница го помага детското здружување и работи на осовременување на програмската основа на истата, а се раководи од потребите и интересите на децата.<br>Детската организација учествува во активностите за: прием на првачиња, Новогодишна приредба, завршна приредба за петтоодделенците, свеченост по повод Денот на словенските просветители, изработка на информатор за активности на влезот во училиштето, активности по повод Денот на жената, Цветно дефиле, Априлијада и други активности. Самите ученици заедно со одговорните наставници од Училишната заедница ги одбележуваат сите државни празници со пригодни реферати кои се читаат на училиштниот разглас.<br>Учениците учествуваат во разгледување на маршрутите за училишните екскурзии како и во давање предлози за проектот за мултиетничката интеграција на образованието во училиштето кој е во тек. Проектот има за цел запознавање со обичаите и традициите на другите култури и развивање на свеста кај учениците за меѓуетничката толеранција и соживот.<br>Детската организација поттикнува организирање на Новогодишна забава, активности, квизови на знаења, акција за најдобро украсена училница, работилница за здрава храна и сл., чија цел е развивање на натпреварувачкиот дух, проширување на знаењата, дружење, рекреација, забава,како и стекнување знаења на тема здрава храна.<br>Учениците учествуваат и во подготовките за одбележување на Патрониот празник на училиштето, кој оваа година се одбележа со презентација на проекти на ниво на одделенија, на тема „ Наше маало.“ Истите беа презентирани пред учениците и гостите присутни на патрониот празник на училиштето. Училишната заедница и Детската организација учествуваат во мотивација на учениците и наставниците за поголеми успеси.<br>Училиштето е отворено за соработка со надворешни лица во организирање на разни работилници, продажни манифестации,отворени часови, презентации, приредби и спортски настани.<br>Исто така училиштето организира часови за студенти и приправници.<br>Училиштето соработува со советници од БРО, колеги од други училишта, родители, членови на месната заедница, локалната самоуправа, просветни инспектори, поети, борци, писатели итн.<br>Учениците и наставниците се горди на своето училиште затоа што е вклучено во разни проекти кои ја унапредуваат и усовршуваат работата на истото.<br>Учениците се горди на повеќето организирани акции за собирање на парични средства, храна, учебници и облека со што ја истакнуваат хуманоста како вредност. Сите празници и значајни денови во нашето училиште се одбележуваат низ пригодни предавања за време на |

| | |
|---|---|
| | часовите, разговори како и читање реферати на разгласната станица, со што учениците се поттикнуваат на почитување на културните вредности<br>Училиштето соработува со Сојузот на пензионери.<br>Повеќе пати во годината се одржуваат акции за уредување на училниците и училишниот двор, украсување на училиштето за различни пригоди и сл.<br>Во училиштето се организираат и продажни изложби на изработки од наши ученици, културно-забавни и спортски манифестации. Сите овие активности се во корелација со желбите и потребите на учениците. Сите тие служат за учениците да се почуствуваат како битни партиципиенти во носењето одлуки во училиштето.<br>Поттикнати од современите тенденции во образовниот процес за интерактивност во наставата училиштето по препорака на МОН и БРО активно се вклучи во проектот за „Антикорупциска едукација“ на учениците. Тимот на проектот спроведе прашалник за нивото на знаења на учениците за коруптивно однесување и организираше предавање за истото на часовите по Граѓанско образование и часот на Одделенска заедница. Исто така во рамки на проектот организиран е ликовен и литературен конкурс за учениците од 8 и 9 одд. Сите учесници во проектот се наградени со дипломи за учество. Со вакви и слични активности се поттикнува партиципацијата на учениците во одлуките на училиштето. Училиштето организира и различни слободни ученички активности, секции кои им овозможуваат на учениците активно да го користат своето слободно време и да ги изразуваат своите афинитети преку поетска, новинарска, јазична, спортска и многу други секции. Училиштето често организира посета на новинарски куќи, музеи, печатници, споменици, библиотеки, фабрики, културни манифестации, театарски претстави, саеми со што ја зголемува општата култура и знаења на учениците. Добиените награди, дипломи, пехари, медали, благодарници и признанија на натпреварите ги потврдуваат успесите и високиот рејтинг на нашето училиште на кои се горди и учениците и наставниците.<br>Училиштето спроведува и различни Еко-проекти кои овозможуваат поголема грижа за хигиената и следење на светските трендови за заштеда на електрична енергија, рециклирање и сл. Посебно го истакнуваме проектот со Пакомак во кој учениците собираат пласични шишиња кои се собираат од наведената фирма, а за возврат тие во училиштето донираат течен сапун. Со тоа се гради еколошката свест кај учениците кои проектот го проширија и со стара хартија.Проектот се реализира неколку години и е исклучително успешен концепт на соработка на релација наставници-ученици-бизнис заедница. Исто така училиштето учествува и во проектот на Елколект за собирање на опасен одпад и батерии.<br>Училиштето во истиот зема активно учество и едно одделение беше наградено со собрани 26 кг батериски отпад. |

## Идикатор 6.2 Еднаквост и правичност
**Ниво при евалуација: многу добро**

| **Теми:** | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен пристап на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
|---|---|
| Извори на податоците | |
| • Анкета за ученици<br>• Анкета за родители ученици<br>• Анкета за наставници ученици<br>• Разговор со Ученичката заедница, Детската организација, Подмладокот на Црвениот крст, родителите, наставниците<br>• Кодекс за однесување на учениците<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Одделенски дневници<br>• Годишни и тематски планирања<br>• Записници од родителски средби<br>• Програми за деца со посебни потреби<br>• Записници од состаноци на УЗ, СР, ДО, ПЦК<br>• Библиотечна картотека<br>• Дисплеи<br>• Пофалници, дипломи, благодарници<br>• Фотографии, слики<br>• Изложени ученички трудови<br>• Проектни активности<br>• Макети, модели, ѕидни весници<br>• Литературни и ликовни творби- конкурси интер -ни и екстерни<br>• Учество на натпревари, медиуми<br>• Програма за работа на стручната служба | 6.2.1-Познавање на права на детето<br>Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Декларацијата за права на детето е императив според кој се водат сите вклучени во образовниот процес. Училиштето е спремно да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права и во согласност на потребите тоа и го прави.<br>Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат своите права преку организација на различни предавања и трибини.<br>На одделенските часови и преку состаноците на Детската организација и Училишната заедница. Учениците се информираат за своите права, но и обврските кои тие права со себе ги носат. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски.<br>6.2.2-Еднаков и правичен пристап на сите ученици<br>Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и вонаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини.<br>Сите ученици без разлика на возраста, полот, социјалниот статус уживаат еднакви права.<br>Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата.<br>Еднаквост и правичност кон овие ученици постои и во работата со компјутери и вонаставните активности.<br>Во нашето училиште постојано се води сметка за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот и иако бројот на ученици од различно етничко потекло е многу мал, овој однос е исполнет со толеранција и разбирање.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување на етничката, културната и верската разноликост и преку предметите граѓанско образование, изборните предмети запознавање со религиите и класична култура на европската цивилизација и особено етика, |

како и часовите на одделенска заедница кои се реализираат и во одделенска и во предметна настава ( освен во прво одделение ).
Со предавања и трибини од оваа област постојано се продлабочува граѓанската култура и толеранцијата.
Од направената анкета за ученици, на тврдењето:,,**Училиштето не` запознава со нашите права,,**

**-** со сосема точно се искажале 93% , со точно 6% и 1% со делумно точно.




На тврдењето:,,**Наставниците не ги делат учениците според пол, вера и етничка припадност,,**

**-** со сосема точно се искажале 100% од анкетираните ученици.




6.2.3-Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот
Мултикултурализмот е застапен и во самите наставни програми по одредени наставни предмети, заради што училиштето е иницијатор на организирање на германско-англиска вечер, посета на цркви, манастири, џамии и други споменици на културата.
Мултикултурално ги едуцираме учениците и преку соработка со Канцеларијата на Европска Унија. Мотото на Европската унија -„Обединети во различностите“ се обидуваме да го имплементираме во нашето мултинационално општество.
Со спроведување на интегрирани часови по сродни наставни предмети како и преку содржините што ги изучуваат изборните предмети учениците ги запознаваме со различните култури кај нас и потребата за соживот помеѓу различните националности, религии и култури и потребата од меѓусебно почитување.
Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните нации, култури, религии како и отфрлање на сите можни предрасуди кон „поинаквите “ од нас.
Училиштето веќе 10 години го негува проектот за „Рано изучување на германскиот јазик“ и е партнер училиште преку Гете институтот со владата на Р. Германија. Учениците кои постигнуваат висок резултати се стипендирани од германската влада и престојуваат во Германија на неколку неделен семинар со кој не само што се запознаваат со јазикот, туку и со начинот на живот, културата и вредностите на другите нации. Искуствата ги пренесуваат назад кај своите соученици и наставници со што дополнително се промовира мултикултурализмот и негување на различностите.
Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието МИО успешно се реализира повеќе години. Во таа насока, во ноември 2016 нашето училиште во рамките

| | |
|---|---|
| | на овој проект воспостави партнерски однос со училиштето ОУ „Хасан Приштина“ од општина Чаир. За развој на мултикултурализмот и заради избегнување на стереотипите и предрасудите кон националните различности организирани се повеќе средби помеѓу училиштата. Во нив учениците се дружеа, учеа за различностите и богатството на тоа да имаш различни пријатели. Организирани се заеднички часови по македонски јазик и ликовно образование на кои учениците творат на својот мајчин јазик, се дружат, разговараат и учат едни за други. Во рамки на проектот беше организирано и предавање од канцеларијата на Народниот правобранител на тема „Да го препознаеме ученичкото насилство“<br>На предавањето учествуваа ученици од двете училишта и дадоа свој придонес во борбата против насилството.<br>Училиштето ја негува родовата сензитивност и постојано упатува на еднаквоста на половите. |

## Подрачје 6. Училишна клима и култура

**Ниво при евалуација: многу добро**

**Резултати**

| |
|---|
| Клучни јаки страни<br>– Позитивна училишна клима на почитување и соработка<br>– Училиштето има изготвен Кодекс на однесување на наставниците и учениците.<br>– Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес, високо едуциран наставен кадар кој е постојано спремен на доедукација и обуки.<br>– Посветеност на наставниот кадар во одржување на дисциплината во училиштето. |
| Слабости<br>- Тековно и навремено објавување на настаните на веб страната |

**Анализа на резултатите:**

Училиштето има обезбедено еднаквост и правичност за сите ученици пропишано со Кодексот на однесување. Односот помеѓу наставниците и односот помеѓу наставниците и учениците и наставниците и родителите се базира на взаемно почитување.

Учениците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се однесуваат пријателски, пристојно и меѓусебно се почитуваат. Проблемите кои се присутни во врска со поведението и дисциплината се незначителни и се резултат на мал број ученици, а училиштето на таквите проблеми реагира со разговори со педагошко-психолошката служба, родителите, наставниците и директорот.

Взаемното почитување на сите субјекти во училиштето, редот и дисциплината во училиштето, хигиената,
постигање на одлични резултати на регионални и државни натпревари се работи со кои се гордеат сите, како во училиштето така и надвор од него.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ**

Посебен акцент на воспитната компонента кај учениците.